Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 5 мај 2020 година донесе

# УРЕДБА
# СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА НАСТАВНИЦИТЕ И СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

## Член 1

Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19), ќе се применува за времетраење на вонредната состојба во Република Северна Македонија, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За продолжување на работниот однос на наставниците кои засновале работен однос до денот на утврдување на постоење на вонредната состојба, без јавен оглас на определено време на работно место кое е испразнето по основ на пензионирање, боледување, отказ, смрт и преземање, за времетраење на вонредната состојба се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

## Член 2

Наставниците кои до денот на утврдување на постоење на вонредната состојба засновале работен однос во училиштата без јавен оглас на определено време на работно место кое е испразнето по основ на пензионирање, боледување, отказ, смрт и преземање, најмногу до три месеци, со обезбедена согласност од градоначалникот на општината за општинските училишта, градоначалникот на град Скопје за средните училишта на град Скопје, односно министерот за државните училишта, им се продолжува работниот однос за време на траењето на вонредната состојба, како и по престанокот на траењето на вонредната состојба, до завршувањето на учебната 2019/2020 година.

## Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3480/1
5 мај 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.